Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 09-12-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6316 | 1 | |

15:14

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6241/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

## **П Р Е Д Л О Г**
### **за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6241/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година .

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се: член 75 став 1 и став 2, член 75-а став 1 точка б и став 2 и член 75-б од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6241/1 од 06.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

### **О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6241/1 од 06.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6241/1 од 06.12.2016 година, за периодот од 21 до 30 ноември 2016 година, како и врз основа на непосредни дополнителни согледувања при анализа на одредени прилози емитувани во рамите на програмскиот сервис на радиодифузерот во истиот период, Привремената комисија констатираше дека при изборното медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин, во услови кога е отпочната изборната кампања, постои квантитативна дисбалансираност меѓу главните политички партии, согласно член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

Прекршокот е констатиран на детален и експликативен начин, и е изанализиран во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-6241/1 од 06.12.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот“, за член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик.

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата.

Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ одвоила 3 часа, 7 минути и 26 секунди (55,76%), а за коалицијата предводена од СДСМ 1 час 58 минути и 14 секунда (35%), односно околу 50 отсто повеќе време оделила

за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ отколку за коалицијата предводена од СДСМ, во делот на активностите на учесниците во изборната кампања и кандидати (табела 1).

Во делот за директни обраќања на субјектите за коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, телевизијата оделила 1 час, 39 минути и 7 секунди, а за коалицијата предводена од СДСМ 1 час,16 минути и 51 секунди. За сите други субјекти има куси обраќања, (табела 2).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:23 | 20,30 | % |
| Влада на РМ | 00:14:05 | 53,11 | % |
| Други субјекти | 00:00:50 | 3,14 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:09 | 15,65 | % |
| Без субјекти | 00:00:42 | 2,64 | % |
| Граѓански сектор | 00:00:42 | 2,64 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:40 | 2,51 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:26:31** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Други субјекти | 00:09:05 | 23,46 | % |
| Без субјекти | 00:01:25 | 3,66 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:24 | 6,20 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:02:24 | 6,20 | % |
| Граѓански сектор | 00:06:01 | 15,54 | % |
| Привремена комисија | 00:02:27 | 6,33 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:30 | 6,46 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:27 | 32,16 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:38:43** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 03:07:26 | 55,76 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:58:14 | 35,18 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:12:58 | 3,86 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:01 | 0,30 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:15:07 | 4,50 | % |
| Либерална партија | 00:01:21 | 0,40 | % |
| **Вкупно за тема:** | **05:36:07** | **100** | **%** |

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:39:07 | 46,34 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:16:51 | 35,93 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:09 | 3,34 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:05:58 | 2,79 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:37 | 0,29 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:48 | 1,78 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:17 | 0,60 | % |
| Влада на РМ | 00:06:48 | 3,18 | % |
| Други субјекти | 00:02:13 | 1,04 | % |
| Либерална партија | 00:00:42 | 0,33 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:00 | 2,81 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:47 | 0,83 | % |
| Привремена комисија | 00:01:36 | 0,75 | % |
| **Вкупно:** | **03:33:53** | **100** | **%** |

Врз основа на претходно наведеното, Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека постои прекршување по основ на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик, а со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________

2. Слаѓана Димишкова ____________________

3. Љубомир Костовски ____________________

4. Горан Трпеноски ____________________

5. Цветин Чилиманов ____________________